**Извештај за состојбата со заштитата на**

**Светското наследство – Природно и културно наследство на Охридскиот регион**

Република Северна Македонија целосно се посветува на Одлуките на Комитетот за светско наследство со цел развој и спроведување на мерките за исполнување на најитните препораки наведени во Препораките и од Реактивната мониторинг мисија во 2017 година.
Некои од корективните мерки и бараните активности кои се поврзани со исполнување на препораките се веќе спроведени, а некои се очекува да бидат финализирани во текот на 2022 година, како и спроведени во наредниот период.

**Хронологија на активности кои беа превземени од страна на МЖСПП:**
- На 21 јануари 2020 година, по претходно мислење на Националната Комисија за УНЕСКО, Владата на Република Северна Македонија го донесе Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион (2020-2029), („Службен Весник на РСМ“ бр. 45/20).
- Во извештајниот период Комисијата за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион во која што учествува и претстваници од Министерството за животна средина и просторно планирање, доследно и со несмален интензитет ги остваруваше своите надлежности во следењето и спроведувањето на имплементацијата на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион како и следење на состојбите со природното и културното наследство во регионот.
- На 27.11.2020 година, Билатералниот комитет на управување со Охридското Езеро – тело го одржа вториот состанок на кој беше дискутиран и прифатен Нацрт Планот за управување со сливот на Охридското езеро кој што е целосно развиен во согласност со Европската рамковна директива за вода (2000/60 / ЕЗ) и соодветното национално законодавство во Албанија и Северна Македонија.
- На 19.07.2021 година донесена Одлука за привремена заштита (до официјалното прогласување за заштитено подрачје) на Студенчишкото блато (Сл. Весник на РСМ бр. 164/21)
- Подготвен е и одржани се јавни расправи за законот за Студенчишко блато.
- Во Мај 2021 година, Охридското езеро и Студенчишко блато се ставени на листа на Рамсар како ново подрачје.
- Градоначалниците на општините Охрид, Струга и Дебрца на 22.09.2021 година, потпиша заедничка изјава за поддршка на Студијата за валоризација на Охридското

Езеро при што изразија подготвеност за соработка во процесот на повторно прогласување на Охридското Езеро за Споменик на природата.

- Владата на РСМ од 117 седница одржана на 02.11.2021 година, го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање до крајот на јануари 2022 година до центарот на светското наследство да предложи нацрт контактна / бафер зона на границите на Охридскиот регион. Министерството за животна средина и просторно планирање во координација со Министертвото за транспотт и врски превзеде активнсоти со формирање на Комисија. Во тек е подготовка на оваа активност.

- За покривање на долгот на ЈП Колекторски систем кон општина Струга, Министерството за животна средина и просторно планирање во 2021 година обезбеди финансиски средства во износ од 60.000.000 МКД.

- Изготвен е и донесен План за управување на Национален Парк Галичица 2021-2030.

- Во насока на исполнување на обврските кои произлегуваат од Одлуката на Комитетот за Светско Наследство 44.COM 7B.77 (Фужу, Кина 2021), односно Препораките од Реактивните мониторинг мисии од 2017 и 2020 година, Владата на Република Северна Македонија на 09.11.2021 година, донесе решение за формирање на РАБОТНА ГРУПА за изработка на предлог Стратегиски план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион.

Оваа РГ одржа на 27 април и 27 мај координативни состаноци со албанската страна. Изработена е првична нацрт верзија на Стратешкиот план со акциски план на мерки и истата е објавена на веб страницата на МЖСПП (25 октомври) и е достапна на следниот линк: https://bit.ly/3A9bk4M .

- Изработена СЕА за Стратегиски план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион, и донесена Одлука за неспроведување на стратегиска оцена од страна на МЖСПП на 06.10.2022год.

- Јавна расправа за Нацрт верзија на Стратегиски план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион ќе се одржи на ЗООМ платформата на 21 ноември 2022г, од 12:00 – 14:00 часот. Линкот за учество ќе биде објавен на веб страницата на МЖСПП и на социјалните мрежи.

- На 27 Април 2022 година во Поградец, Албанија, се одржи заеднички работен состанок на политичко ниво помеѓу двете држави, со цел спроведување на Договорот со Албанија за управување со Охридското езеро, со кој е планирано ревитализација на Билатералниот Комитет за заштита на Охридското езеро, како тело за управување. Целта на овој состанокот е договор од двете страни да се формализира членството на Заедничкиот комитет за управување со Охридскиот регион - УНЕСКО Светско Наследство на министерско, односно на градоначалничко ниво. За таа цел а согласно **<u>препораката - 3a</u>** од Одлуката на Комитетот за Светско Наследство 44.COM

7B.77 (Фужу, Кина 2021), каде се бара „Да се подигне профилот на членовите на Комитетот за управување со прекуграничниот слив„ со цел подигнување на одлучувачката моќ на Комитетот, МЖСПП подготви Информација до Владата на РСМ со Предлог Решението за назначување на членови на Комитетот за управување со сливот на Охридското Езеро помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија и неговиот Секретаријат и истата е во фаза на мислење.

- На 06.08.2022година ЈП Колекторски систем – Охрид до МЖСПП поднесе барање за финансирање на активности во 2023 година за рехабилитација и санација на колекторскиот систем за заштита на Охридското езеро во висина од 565.461.348,00 денари.

- На 19.08.2022година МЖСПП одржа "online" средба со претставниците на ЈП Колекторски систем – Охрид и Шпанска компанија за ревидирање на техничката документација на ЈП Колекторски систем, за можна заедничка инвестиција за рехабилитација и надградба на овој систем.

- Со цел пренасочување на коритото на реката Сатеска во нејзиниот природен тек (препораката број 15 од Одлуката на Комитетот за Светско Наследство 44.COM 7B.77 (Фужу, Кина 2021), во рамките на проектот Адаптација кон климатските промени во областа на прекугранично управување со ризик од поплави во Дримскиот речен слив, се подготви техничко решение за враќање на реката Сатеска во старото речно корито. Во месец август 2022 година секторот за води при МЖСПП ја издаде водостопанска согласност за реставрација и пренасочување на коритото на реката Сатеска во нејзиниот природен тек. Во тек се спроведуваат активности за негова реализација.

- Во однос на за затварање на депонијата Буково (Препораката број 16 од Одлуката 44.COM 7B.77), Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка Министерството за финансии достави барање до Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) за изразување интерес за финансирање на Проектот за воспоставување на регионален систем за управување со отпад во Југоисточен, Вардарски, Пелагониски, Југозападен и Полошки регион, со заем во висина од 55.367.614,00 евра и приота ЕБОР да биде водечка финансиска институција. Со обезбедување на овие средства МЖСПП ќе го воспостави системот во Југозападниот регион и во склоп на активностите ќе бидат затворни сите нестандрадни депонии во регионот (вклучувајќи и Буково, Мауцхер, Струга итн.).

**ПРЕДИЗВИЦИ КОИ ПРЕСТОЈАТ:**

1. Одржување на Јавна расправа по Нацрт верзија на Стратегиски план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион (21 ноември 2022г, од 12:00 – 14:00 часот- ЗООМ платформата.)

2. Усвојување на  Стратегиски план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион  со акциски план на мерки од страна на Владат на РСМ - (до крај на Декември 2022год.)
3. Одржување на состанок на Билатералниот Комитет за заштита на Охридското езеро на РСМ и Албанија со цел прифаќање на **заеднички** документ Стратегиски план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион (Декември 2022 - Јануари 2023)
4. Доставување на **заеднички** документ Стратегиски план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион до Париз (Февруари 2023год.)

**СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИ ПЛАН ќе се врши на четири нивоа  и тоа:**

- прво ниво - ќе врши Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион, преку редовно доставените информации / извештаи од страна на надлежните институции.
- второ ниво - ќе врши и Владата на Република Северна Македонија, преку формирање на посебна Комисија, како постојано тело, до кое субјектите надлежни за имплементација на Стратегискиот план за рехабилитација, еднаш месечно ќе доставуваат извештај.
-трето ниво - ќе се организира надзорна расправа во Собранието на Република Северна Македонија ќе биде уште една соодветна алатка за следење на примената на Стратегискиот план за рехабилитација со акцискиот план.
- четврто ниво- на билатерално ниво контролата на спроведувањето на Стратегискиот план за рехабилитација ќе биде следено и од билатералниот Комитет за управување со сливот на Охридското Езеро.

**СТРУКТУРА НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА МЕРКИ:**

Мерките се поделени во 4 генерални групи согласно стратешките цели на кои се однесуваат:

1. Стратешка цел: Ефективен систем за заштита и управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион
2. Стратешка цел: Контролирана урбанизација и одржлив развој
3. Стратешка цел: Контролирано инфраструктурно планирање
4. Стратешка цел: Планирање и развој на одржлив туризам

Во рамките на планот, покрај поделбата на категории во однос на секоја мерка се врши и:

- ✓ Поврзување на мерката со соодветните препораки,
- ✓ Се предвидуваат соодветните подактивности,
- ✓ Се определува надлежната институција
- ✓ Се проценува степенот на реализација,
- ✓ Се утврдуваат индикаторите за следење на реализацијата,
- ✓ Се определува временскиот рок за спроведување.